**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.** 08-103
12.03.**2020 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 20 став 1 алинеја 10[1], член 18 став 1 алинеи 1 и 22, член 70 и член 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), согласно член 4 став 1 алинеја 6 и член 88 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.124/15), а во врска со Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс, УП1 бр.08-575 од 03.01.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/20) и Заклучокот бр.02-1116/3 од 12.03.2020 година, на својата 14-та седница одржана на 12.03.2020 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А

1. Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко – говорно радио од општ формат, на македонски и албански јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар, кој ќе се емитува преку радиофрекфенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 104.7 MHz, објавен врз основа на Одлуката за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво Уп1 бр.08-575 од 03.01.2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/20), не е успешен поради тоа што во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 09.03.2020 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги не беше примена ниту една пријава.

2. Оваа Одлука е конечна и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги по повод Писменото барање од заинтересирана страна, поднесено од страна на физичкото лице Газменд Лечини (наш УП1 бр.08-438 од 20.12.2019 година) за отворање на едно радио во Дебар со околината и Студијата за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозволи за радио на локално ниво, на подрачјата на општините Дебар и Струга, наш арх.бр.08-3931/1 од 15.08.2019 година, на својата 1-ва седница одржана на 03.01.2020 година донесе Одлука, УП1 бр.08-575 од 03.01.2020 година за објавување на јавен конкурс за доделување 1 (една) дозвола за радио емитување на програмски сервис, музичко – говорно радио од општ формат, на македонски и

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Закон за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.248/18).

албански јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Дебар, кој ќе се емитува преку радиофрекфенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РСМ, и тоа: 104.7 MHz. Одлуката УП1 бр.08-575 од 03.01.2020 година за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво беше објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/20.

Согласно точка 12 од цитираната Одлука за објавување на јавен конкурс, пријавата за учество на јавниот конкурс се поднесува во рок од 60 (шеесет) дена, кој рок тече од првиот нареден ден од денот на објавувањето на Одлуката во „Службен весник на Република Северна Македонија”. Во утврдениот рок за поднесување пријави, по предметниот конкурс, односно заклучно до 09.03.2020 година во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не беше примена ниту една пријава.

Членот 75 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Законот за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20), пропишува дека јавниот конкурс за доделување на дозвола за телевизиско или радио емитување е успешен доколку е примена најмалку една пријава која ги исполнува условите утврдени во конкурсот.

Имајќи го предвид наведеното, во врска со Јавниот конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.3/20), а со оглед дека во утврдениот рок за поднесување пријави во Агенцијата не беше примена ниту една пријава, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука дека не е успешен предметниот јавен конкурс. Следствено на наведеното, Советот на Агенцијата согласно Заклучокот бр.02-1116/3 од 12.03.2020 година, на 14-та седница, одржана на 12.03.2020 година, донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против оваа одлука може да се поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката.

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- заинтересирана страна, физичкото лице Газменд Лечини;
- Директорот на Агенцијата;
- сите сектори/служби во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1), и
- Агенцијата за електронски комуникации.